Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Бр. 03-1774**
**13.12.2021 година**

Врз основа на член 114, а во врска со член 37, став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425 од 28.6.2019 год.) и член 49 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18.10.2019 год.), Деканот на Факултетот ја донесе следната

# ОДЛУКА

за распишување избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје

Член 1

Се распишуваат избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

Изборите ќе се спроведат на 27.12.2021 год. (понеделник) во Предавална 1, со тајно гласање во период од 10 до 14 часот.

Член 2

Се именува Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание во следниов состав:

1. проф. д-р Ксенија Илиевска, претседател, односно нејзин заменик проф. д-р Игор Улчар,
2. проф. д-р Бранко Атанасов, член, односно негов заменик проф. д-р Никола Адамов
3. Сандра Ташковска, студент
4. Кристина Дојчиновска, студент
5. Ненад Димковски, студент

Член 3

Кандидирањето на членовите на Факултетското студентско собрание ќе биде на собир на студентите по години на студии, со тоа што секоја студиска година предлага кандидати за преставници во Факултетскотот студентско собрание.

Право да се кандидираат и да избираат имаат сите студенти кои се запишани на студии во учебната 2021/2022 година и имаат запишан зимски семестар.

Собирите од став 1 од овој член ќе се одржат од далечина на платформата „Тимс“ во термини што ќе ги одреди Комисијата наведена во член 2.

За утврдени кандидати за членови на Факултетското студентско собрание се сметаат оние студенти кои добиле најмногу гласови.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

Член 4

Факултетското студентско собрание има 12 членови и тоа по години:

- 2 од прва година,
- 2 од втора година,
- 2 од трета година,
- 2 од четврта година,
- 2 од петта година,
- 2 од шеста година.

Член 5

Кандидирањето за претседател е лично преку поднесување на кандидатура на која даваат поддршка најмалку 20 редовни студенти од Факултетот.

За претседател може да се кандидира редовен студент кој запишал зимски семестар во учебната 2021/2022 година и ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

Кандидатурата заедно со потписите за поддршка од студентите се поднесува најдоцна до 24.12.2021 год. до Изборната комисија преку архивата на Факултетот.

Член 6

Се задолжува изборната комисија од член 2 на оваа Одлука, изборите за членови и за претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на Факултетот, како и здравствените протоколи за заштита од ковид-19.

Комисијата од став 1 на овој член донесува Упатство со кое се утврдува начинот на работа, изгледот на гласачкото ливче, образецот на записникот, начинот на предлагање кандидати, начинот на гласања и пребројување на гласовите, објавување на резултатите од гласањето, соопштенијата и сл., чување и увид на изборната документација, како и други прашања поврзани со постапката за организирање и спроведување на изборите.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на веб страната на Факултетот, на студентската огласна табла, а се доставува и електронски до студентите на Факултетот.

Декан,
проф. д-р Лазо Пендовски



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk